Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 13 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 мај 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство и трговија со електрична енергија ГРИН ГРИД ДООЕЛ увоз – извоз Скопје му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија.

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство и трговија со електрична енергија ГРИН ГРИД ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, со седиште на ул. “Крчин” бр.3/4 Скопје – Карпош (во понатамошниот текст: Друштво), на 30 април 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија, УП1 бр. 12-255/24 од 30 април 2024 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 10 мај 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 13, односно од Прилог 2 Образец БЛ 13 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат. Друштвото го комплетираше Барањето на 20 мај 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа донесе Решение бр.02-973/1 од 23 мај 2024 година, со кое одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 23 мај 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* и член 13 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на Друштвото за производство и трговија со електрична енергија ГРИН ГРИД ДООЕЛ увоз – извоз Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-255/24**
**23 мај 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Друштво за производство и трговија со електрична енергија ГРИН ГРИД ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, со седиште на ул. “Крчин” бр.3/4 Скопје – Карпош, Република Северна Македонија.

2. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата:** Снабдување со електрична енергија

1. **Датум на издавање на лиценцата:** 23 мај 2024 година

2. **Датум на важење на лиценцата:** 23 мај 2034 година

3. **Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-СНАБ-1364-2024

4. **Единствен матичен број:** 7734212

5. **Единствен даночен број:** 4057023568574

6. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
   Како снабдување со електрична енергија во смисла на оваа лиценца, се смета набавување на електрична енергија од земјата и од странство, заради продажба на потрошувачи, трговци, други снабдувачи, операторот на електропреносниот или операторите на електродистрибутивните системи како и на други учесници на пазарот на електрична енергија согласно член 100 од Законот за енергетика*.

7. **Опис на условите и начинот на вршење на дејноста**
   Енергетската дејност снабдување со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на електрична енергија и договори за закупување на преносен и/или дистрибутивен капацитет.

8. **Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
   Енергетската дејност снабдување со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши на целата територија на Република Северна Македонија и странство.

9. **Општи обврски за носителот на лиценцата**
   Носителот на лиценцата е должен да:
   - обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија согласно купопродажните договори,
   - обезбеди од операторите соодветен преносен и/или дистрибутивен капацитет во согласност со важечките тарифи, правилата за пазар на електрична енергија, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција за електричната енергија која се обврзал да ја испорача на своите потрошувачи,

- им фактурира на своите потрошувачи надоместок за испорачаната електрична енергија по договорната цена како и надоместок за користење на пазарот на електрична енергија. Доколку снабдувачот има склучено договор со операторот на дистрибутивниот систем, согласно членот 93 став (5) од Законот за енергетика*, снабдувачот на електрична енергија на своите потрошувачи ќе им ги фактурира и надоместоците за користење на преносниот и/или дистрибутивниот систем. Фактурирањето се врши врз основа на мерењата за потрошената активна и/или реактивна електрична енергија и за ангажираната електрична моќност, извршени од соодветниот оператор на системот,
- работи во согласност со правилата за снабдување со електрична енергија и правилата за пазар на електричната енергија,
- ги исполни своите обврски кон потрошувачите во однос на сигурноста и обемот на снабдувањето,
- обезбеди за своите потрошувачи услуга со квалитет утврден во правилата за снабдување со електрична енергија,
- обезбеди недискриминаторен третман на сите потрошувачи, а особено за потрошувачите од оддалечените подрачја,
- ги објави на својата веб страница општите услови на своите договори за снабдување со електрична енергија за малите потрошувачи и домаќинствата,
- овозможи потрошувачите да добиваат редовни и точни известувања за реалната потрошувачка и трошоците за електрична енергија, за да можат да управуваат со својата потрошувачка,
- овозможи промена на снабдувач на транспарентен и недискриминаторен начин, без трошоци за потрошувачот, во рок не подолг од три недели од денот кога потрошувачот доставил барање за снабдување до новиот снабдувач со електрична енергија,
- обезбеди при секоја промена на снабдувач со електрична енергија, потрошувачот да добие конечно затворање на сметката во рок од шест недели од настанувањето на промената на снабдувачот,
- воспостави постапки за ефикасно решавање на приговорите на своите потрошувачи во рок од 60 дена, вкпучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано,
- ги плати набавените количини на електрична енергија, како и резервираниот капацитет и регулираните услуги од операторот на електропреносниот систем и/или операторите на електродистрибутивните системи,
- доставува до операторот на електропреносниот систем податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на електрична енергија за своите потрошувачи, неопходни за пресметка на дебалансите,
- ги објавува општите статистички податоци поврзани со неговите потрошувачи, земајќи ја предвид заштитата на доверливоста,
- ги плати набавените количини на електрична енергија, како и закупените капацитети и соодветните регулирани услуги од операторите на електропреносниот систем и/или на дистрибутивните системи и операторот на пазарот на електрична енергија,
- достави до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, по нејзино барање и во определен рок, информации и извештаи за своите трансакции и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Северна Македонија,
- обезбеди соодветен стручен кадар за вршење на енергетска дејност снадбување со електрична енергија,

- обезбеди соодветна компјутерска и телекомуникациска опрема за издавање и контрола на сметките и комуникација со потрошувачите,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комуланен отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци,
- ги почитува и да постапува согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика*,
- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

**10. Обврска за доставување на годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави годишен извештај за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. набавена и продадена количина на електрична енергија во текот на годината,
2. годишна завршна сметка со сите прилози,
3. кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
4. обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на дејноста.

**11. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност снабдување со електрична енергија.

**12. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**13. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.